**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2024 година

**КРИВА ПАЛАНКА**

**2023 ГОД.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 07.12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2024 година

## I. Вовед

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски раст, кој придонесува кон подобрување на квалитетот на животот за сите граѓани во заедницата. Основна задача на оваа програма ќе биде креирање на локална политика преку мерки и активности за помош во процесот на заздравување на локалната економија согласно законските норми и можности. Програмата за локален економски развој е логичко следство на програмата од претходната со унапредување на веќе успешно имплементираните мерки и политики, но и предлагање на нови кои ќе имаат соодветно влијание врз локалната економија и ќе предизвикаат интерес од локаланата бизнис заедница за заедничка имплементација на мерки за подобрување на квалитетот на живот на локалната заедница. Одржливоста базирана на локалните ресурси, зелената агенда и креирање на услови за развој циркуларна економија се основните предизвици со кои ќе се соочиме во 2024 година, како креатори на локалните политики за развој. Новина во програмата е проширувањето со енергетската ефикасност, како мерка за намалување на трошоците за електрична енергија, односно рационално користење на енергијата.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи на задницата, стратегиите и плановите за развој на општината во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности.

Програмата за локален економски развој се подготвува брз основа на претходно донесените стратегии и посочените приоритети на граѓаните во процесот на подготовката на програмата, а се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Крива Паланка.

Реализацијата на оваа програма треба да поттикне и обезбеди континуирано одржлив развој кој треба да го подобри животниот стандард на жителите на Крива Паланка.

Локалната економија во општина Крива Паланка во 2023 година е составена од вкупно 555 деловни субјекти од кои микро 400 ( 72 %), мали, 154 ( 27,7%) и средни 1 ( 0,2%) претпријатие.

Од извршената анализа може да се заклучи кои сектори доминираат во структурата на локалната економија, кои дејности спаѓаат во т.н. основни дејности поврзани со нормалното функционирање на една локална заедница, но и може да се констатира кои дејности недостасуваат или не доволно се застапени за интензивирање на економскиот развој во рамки на локалната заедница.

Со цел обезбедување на стабилност на локалните бизниси од т.н. основни дејности, но и создавање на услови за интензивирање на локалниот економски развој искористувајќи ги локалните ресурси и предности преку нови инвестиции, како и намалување на негативните влијанија на националните, регионални и глобални економски текови како миграции и недостиг на работна сила, недостиг на квалификувана работна сила, недостиг на финансии, предизвици со дистрибуција на храна, квалитет на испораки на услуги, сигурност за нови инвестиции и слично, Општина Крива Паланка со оваа програма предлага мерки и активности кои ќе бидат реализирани во 2024 година кои ќе резултираат со унапредени услови за одржлив економски развој на локалната заедница.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи на задницата, стратегиите и плановите за развој на општината во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности.

Реализацијата на оваа програма треба да поттикне и обезбеди континуирано одржлив развој кој треба да го подобри животниот стандард на жителите на Крива Паланка.

Развојни приоритети:

1) Промовирање и привлекување на нови инвестиции;
2) Поддршка за мали и средни претпријатија;
3) Промоција на енергетската ефикасност како можност за остварување заштеди, но и можност за развој на допоолнителни економски гранки
4) Развој на туризмот;
5) Понатамошно унапредување на регионалната и меѓународната соработка како можност за економско вмрежување и креирање на нови партнерствај;

Одделението за локален економски развој покрај предлагање и спроведување на мерки за поддршка на процесот на обезбедување на одржлив економски развој , во својата програма предвидува и широка лепеза на активности за креирање на партнерства со сите сектори, воспоставување на цврста регионална, прекугранична и транснационална соработка, имплементација на меѓународни проекти кои се започнати или се во фаза на одобрување, но и на подготовка на нови, согласно достапниот буџет и фондови во 2024 година.

## II. Носители на програмските активности

Носител на Програмата за Локален економски развој на општина Крива Паланка е Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија кое во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма .
Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ќе биде одговорно за реализација на програмските активности.

## III .Активности

### 1. Подршка на развојот на МСП и претприемништво и поддршка на поцесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции

Основен двигател на развојот на локалната економија се малите и средните претпријатија, особено микро-претпријатијата и семејните бизниси. За да се спречи нивна ерозија од постојаниот проблем со работната сила и доволно финансиски средства за опстанок, потребни се мерки кои ќе обезбедат соодветни мерки и позитивна стимулативна развојна политика заради проширување на нивниот пазар и зголемување на нивната конкурентност. Освен постојаното усогласување со националната развојна политика за малите и средни претпријатија и презентација и помош на локалните бизнис субјекти во однос на мерките и проектите што ги спроведуваат националните институции, општина Крива Паланка предлага и директни мерки со кои ќе го поддржи процесот на развој на локалните претпријатија. Поддршката во развојот на МСП и претприемништвото и поддршка на процесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции е планирана да се реализира преку следниве активности:

**1.1 Активности и мерки за зголемување на влијанието и улогата на Локалниот Економски Совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима и услугата на администрацијата на локалната самоуправа**

1.1.1 Постојана комуникација на лицето од одделението за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија и повремени работни состаноци на постојаното работно

тело Локален економски совет при општина Крива Паланка и анализа на трендовските потреби на компаниите;

1.1.2 Поттикнување на општествената одговорност, заштита на животната средина и подобрување на условите за работа во локалните компании преку воведување на награда за најдобра-општествено одговорна компанија во градот (Комисија составена од членовите на ЛЕС и ЕЛС);

1.1.3. Креирање на Стратегија за МСП;

**1.2. Поддршка на процесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции**

1.2.1 Креирање на база на потенцијали и локации за развој на бизнис и отварање на нови компании согласно постоечкиот ГУП;

1.2.2. Изготвување на промотивен материјал за промоција на можностите за инвестирање;

**1.3. Помош и поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и динамичен развој;**

1.3.1 Подготовка на постапка и изготвување на елаборат за превземање на мерки за поддршка на локалните мали и средни претпријатија и подготовка на предлог мерки за субвенционирање на овие субјекти по различни основи;

1.3.2. Спроведување на анкета за потребите на локалниот бизнис сектор од локална инфраструктура;

1.3.3. Транспарентност во комуникацијата и постојано информирање на локалните МСП за постоечките национални и други фондови и извори на помош и финансирање за развој на компаниите;

1.3.4. Активности кои подржуваат креирање на партнерства;

1.3.5. Промоција и поддршка за развој на циркуларна економија кај локалните фирми;

1.3.6. Публикација на годишен информатор за пристап до капитал.

<u>**Подготовка, аплицирање и имплементација на проекти**</u>

Една од основните активности на вработените во Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ќе биде и учество во пишување и подготовка на апликации и аплицирање на проекти на повици од домашни и странски донатори. Вработените во одделението активно ќе учествуваат и во имплементацијата на проектите финансирани во рамки на ИПА Програмите за прекугранична соработка, но и на УНДП и УСАИД, како и активности и проекти на база на воспоставена билателарна соработка со странски амбасади и други потенцијални донатори и партнери. Вработените во Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ќе учестуваат и во подготовка на проекти на јавни повици од нашите министерства, агенции и други институции,што се од интерес на општината и локалната заедница.

**2.1. Аплицирање на проекти на повици на домашни и странски донатори**

2.1.1.Подготовка на проекти преку Бирото за регионален развој по објавен повик;

2.1.2. Подготовка и имплементација на проекти преку АФПЗРР;

2.1.3. Подготовка и имплементација на проекти преку МЗШВ;

2.1.4. Подготовка и имплементација на проекти преку УНДП по објавен повик;

2.1.5. Подготовка и имплементација на проекти преку билатерална соработка со странски амбасади и други странски донатори;

**2.2. Имплементација на тековно започнати проекти за кои е аплицирано или веќе е добиен договор за грант;**

2.2.1. Проект - **„Земја на легендите**“ - во партнерство со Лесковац, Република Србија во рамки на Програма за прекугранична соработка Србија – Северна Македонија 2016-2020 година според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), распределби 2018, 2019 и 2020 година / Буџетска линија(и): BGUE-B2018-22.020401, BGUE-B2019-22.020401, BGUE-B202022.020401 / Референца: EuropeAid/173818/ID/ACT/Multi
Проектот е со специфична цел - Мобилизирање на културните и природните ресурси за заеднички развој на одржливи туристички производи и дестинации / а се зајакне заедничката туристичка слика на целната област преку имплементација на модел за прекугранично јавно-приватно партнерство преку развој на заеднички креативни туристички понуди засновани на заедничко природно, културно и историско наследство.
Во рамки на проектот се очекува градежна инвестиција во туристичка инфраструктура на културно-историски локалитет „Градец“, како и подготовка на материјали за туристичка промоција на регионот. Вкупен планиран буџет: 206610 евра.

2.2.2. Проект „**Заштита на областите преку регионално знаење и оддржливост**“, во партнерство со Општина Дупница, Бугарија во рамки на Програмата за зеленило на Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Северна Македонија. Проектот е со специфична цел – поддршка на процесот за зголемување на урбаното зеленило во Крива Паланка и Дупница, креирање на зелен катар за урбаното зеленило во двете општини, педологија на почвата во регионото и подготовка на прирачник за самостојно уредување на зелените појаси во прекуграничниот регион. Вкупен планиран буџет е 995.000 евра, од кои околу 470.000 се за Крива Паланка. Проектот е аплициран и ќе се имплементира во наредната година, доколку истиот биде одобрен за финансирање од страна на програмата.

2.2.3. Проект "**Прекугранична атракција – смарт туризам во регионот Крива Паланка – Ќустендил-Невестино**" - во партнерство со СИПР и Народен музеј Куманово од Република Северна Макеоднија, и Општина Ќустендил, Општина Невестино и Комора за комерција и индустрија од Ќустендил, Република Бугарија во рамки на Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Северна Македонија. Проектот е со специфична цел – поддршка на процесот за создавање на услови за развој на четирисезонски туризам во прекуграничниот регион Крива Паланка-Ќустендил. Во рамки на проектот се очекува градежна инвестиција во туристичка инфраструктура на локација Калин Камен, над локалитет Ловечка куќичка, која предвидува изградба на т.н. Адреналински Парк, односно креирање на забавен парк Калин Камен, како и активности за креирање на промотивен материјал и поширока промоција на локалитетот како туристичка атракција. Вкупен планиран буџет: 980.000 евра, од кои околу 450.000 се за Крива Паланка. Проектот доби позитивна оценка како концепт, по што следува подготовка на целосна апликација во почетокот на наредната година и имплементација доколку истиот биде одобрен за финансирање.

## 2. <u>Поддршка на процесот на развој на туризмот и руралниот развој</u>

Активностите ќе бидат насочени кон создавање на неопходни предуслови за збогатување на туристичката понуда и нејзина промоција. Посебно внимание ќе се посвети на можностите за унапредување на руралниот развој и создавање на услови за понатамошен развој на туризмот како приоритетна гранка во наредниот период.

**3.1. Креирање на база на податоци за потенцијалот за развој на туризам во општина Крива Паланка**

3.1.1 Мапирање на сите туристичките објекти и потенцијали за развој на туризмот и Евидентирање на имотната и правната состојба на просторот и објектите, кои се од туристичко значење;

3.1.2 Изработка на регистер на субјекти на територијата на Крива Паланка, кои се занимаваат во угостителска дејност и сместување на туристи;

3.1.3.Спроведување на постапка за имплементација на мерка - Воведување на туристичка такса;

**3.2.Поддршка на процесот на креирање на туристичка понуда**

3.2.1. Подготовка, дизајн и печатење на промотивен материјал;

3.2.2. Организација на обука за менаџери во сферата на туризмот-поставување на ознаки и патокази до секој туристички објект;

3.2.3.Маркетинг промоција за развој на туризмот / виртуелен водич ;

3.2.4.Конкурс за избор на локален сувенир / промоција;

3.2.5. Изградба и Промоција на Природен и историски парк ГРАДЕЦ;

3.2.6. Изградба и промоција на Забавен парк Калин Камен;

3.2.7. Маркирање на велосипедски патеки

**3.3. Поддршка и развој на локални традиционални занаети во функција на развој на туризмот и привлекување на туристи**

3.3.1.Подготовка на постапка и изготвување на елаборат за мапирање, моментална состојба и предлог-мерки за поддршка на локалните занаети по сите основи;

3.3.2.Отварање на туристичко информативен центар (киоск) со промотивен материјал и сувенирница во центарот на градот и на граничниот премин Деве Баир;

3. **<u>Енергетска ефикасност</u>**

Од 2024 година во Програмата за локален економски развој ќе влезе и енергетската ефикасност, како можност за придонес кон подобрување на условите и квалитетот на живеење на локалната заедница. Активностите ќе бидат насочени кон поддршка и промоција на енергетската ефикасност преку подготовка на документи, акти и проекти и нивна имплементација. Потребна е ревизија на Стратегијата за енергетска ефикасност како рамка за наредниот период и давање на конкретна насока и институционализација за примена на мерки за заштеда на електрична енергија и подобрување на условите на работа за јавните и приватните институции.

**4.1. Подготовка на документи и акти за подршка и промоција на енергетската ефикасност**

4.1.1 Изработка на Стратегија за енергетска ефикасност за периодот 2024-27 , Стратегијата за енергетска ефикасност е одамна истечена и не е во важност. Процесот предвидува анализа на постоечка состојба и подготовка на стратегија, со вклучување на сите релевантни локални чинители од обласа.

4.1.2.Изработка на студија на изводливост и подготовка на техничка документација за поставување на фотоволтаици на јавни објекти – ОЈУДГ Детелинка – клон Поточиња, ОУД Боро Менков, пумпи на водоводната мрежа на ЈКП Комуналец, управна зграда на ЈКП Комуналец, зграда на ТППЕ, зградата каде е сместена ЕУ Хаус, салата Бранители 2001

**4.2. Подготовка и имплементација на проекти од обласа**

4.2.1. Имплементација на проект „Зелена енергија за локалните институции“, финансиски поддржан од ЦМСР-Љубљана, Словенија, кој предвидува поставување на фотоволтаици на ЛУ Градски Музеј, Општинска зграда, ООУ Свети Јоаким Крчовски – школо Партизан, дел од ОУД Боро Менков и ОЈУДГ Детелинка – клон Пролетна роса. Вкупна вредност на проектот 6.000.000,оо од кои 50% е кофинансирање од општината.

4.2.2. Создавање на услови за поставување на смарт-метеринг во ормарите за јавно осветлување, за овозможување на целосна софтверска контрола и мерење на потрошувачката

на енергија, но и ефикасно јавно осветлување. Ова подразбира спецификација на услугата и системот и изнаоѓање на финансиски средства

4. **Други мерки од интерес на економскиот развој**

Освен туризмот, активностите на вработените во одделението ќе бидат насочени кон поддршка на процесот на развој на земјоделието, регионална соработка и вмрежување/креирање на партнерства и јакнење на општинските капацитети, согласно можностите и ингеренциите на општината.

**5.1. Поддршка на процесот на развој на земјоделието**

5.1.1. Поттикнување на органското производство / отпочнување на анализа и постапка за субвенционирање на сертификација на органско производство

5.1.2. Објава на јавен повик за Прогласување на земјоделец/ка за 2024 година на Општина Крива Паланка

**5.2. Регионална соработка и вмрежување / креирање партнерства**

5.2.1 Соработка со СИПР во процесот на изготвување на стратешки документи, организирање на локални и регионални проектни форуми;

5.2.2.Рестартирање на ЛАГот Осоговски Лисец негово активно вклучување и ставање во функција на развој на локалната и регионалната економија;

**5.3.Јакнење на општински капацитети**

5.3.1.Постојано унапредување и јакнење на капацитетот на вработените во Одделението за локален економски развој и промоција на регионална и меѓународна соработка, преку континуирано следење на новите трендови во локалниот развој и учество на обуки организирани од разни институции

**АКЦИСКИ ПЛАН**
**Оперативна, родово-сензитивна буџетска програма за Локален економски развој за 2024 година**
**на Општина Крива Паланка**

| | **1. Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото и поддршка на процесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| **Активности и мерки за зголемување на влијанието и улогата на Локалниот Економски Совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима и услугата на администрацијата на локалната самоуправа** | - Постојана комуникација на лицето од одделението за ЛЕР и повремени работни состаноци на постојаното работно тело Локален економски совет при општина Крива Паланка и анализа на трендовските потреби на компаниите;<br><br>- Поттикнување на општествената одговорност, заштита на животната средина и подобрување на | 2024 во текот на целата година<br><br>ноември – декември 20204 | - зајакната позиција и статус на ЛЕС / број на иницијативи произлезени од ЛЕС<br><br>- зголемена општествена одговорност кај локалните компании и подобрени услови за работа / број на компании кои биле предложени и ги исполниле критериумите за наградата<br><br>-креирана Стратегија за МСП | Општина Крива Паланка Одделение за економски развој, ЈД и ИТ<br><br>Локален економски совет | /<br><br>60.000<br><br>300.000 | Број на иницијативи поднесени од жени<br><br>Број на апликации поднесени од и за жени менаџерки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | условите за работа во локалните компании преку воведување на награда за најдобра-општествено одговорна компанија во градот (Комисија составена од членовите на ЛЕС и ЕЛС)<br><br>- Креирање на Стратегија за МСП | | (број на учесници/чки на работилниците) | | | Број на учесници/чки на работилниците за креирање на стратегијата |
| **Поддршка на процесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции** | - Креирање на база на потенцијали и локации за развој на бизнис и отварање на нови компании согласно постоечкиот ГУП<br><br>- Изготвување на промотивен материјал за промоција на можностите | во текот на целата година<br><br>втора половина на 2024 | - поставена основа за развој и дефинирани потенцијали за развој на бизнис / број на потенцијали со обезбедени услови за инвестирање<br><br>- промовирани можности за нови инвестиции / број на промотивни алатки и материјали | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | **/**<br><br>150.00**0** | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| | -Подготовка на постапка и изготвување | | - дефинирана постапката и изводливоста за мерки за | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Помош и поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и динамичен развој** | на елаборат за превземање на мерки за поддршка на локалните мали и средни претпријатија и подготовка на предлог мерки за субвенционирање на овие субјекти по различни основи;<br><br>-Спроведување на анкета за потребите на локалниот бизнис сектор од локална инфраструктура<br><br>-Транспарентност во комуникацијата и постојано информирање на локалните МСП за постоечките национални и други фондови и извори на помош и финансирање за развој на компаниите; | мај-октомври<br><br>2024 г<br><br>во текот на целата година<br><br>во текот на целата година<br><br>во текот на целата година | поддршка / број на дефинирани мерки и изготвен Елаборат/ Правилник<br><br>-изготвен Прашалник / спроведена и обработени резултати од анкета<br><br>-воспоставена комуникација со МСП / број на издадени потврди од општина / број на нови аплицирани проекти од страна на локални фирми во наведените фондови<br><br>- креиран модел на соработка<br><br>- изготвена студија за | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ<br><br>Локален економски совет | 100.000<br><br>/<br><br>**/**<br><br>**/**<br><br>200.000<br><br>**30.000** | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Активности кои подржуваат креирање на партнерства;<br><br>- Промоција и поддршка за развој на циркуларна економија кај локалните фирми;<br><br>- Публикација на полугодишен информатор за пристап до капитал. | август – ноември<br><br>јуни декември | можност и исплатливост за развој на циркуларна економија<br><br>-публикуван годишен информатор | | | |
| | **2. Подготовка и аплицирање на проекти** | | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| **Аплицирање на проекти на повици на домашни и странски донатори** | Подготовка на проекти преку Бирото за регионален развој по објавен повик<br><br>- Подготовка и имплементација на проекти преку АФПРРЗ по објавен повик<br><br>- Подготовка и имплементација на проекти преку МЗШВ | во текот на целата година | број на подготвени апликации по објавен повик / број на добиени грантови и потпишани договори | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни | / | Број на учесници во процесите разделени по пол и еднакво учество на двата пола<br><br>Број на добиени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | по објавен повик<br><br>- Подготовка и имплементација на проекти преку УНДП по објавен повик;<br><br>- Подготовка и имплементација на проекти преку билатерална соработка со странски амбасади и други странски донатори | | | дејности и ИТ | | проекти и потпишани договори кои овозможуваат еднаква корист за двата пола |
| **Имплементација на тековно започнати проекти за кои е аплицирано или веќе е добиен договор за грант** | Проект „Земја на легендите“ - во партнерство со Лесковац, Република Србија<br><br>Проект ПАРКС – во партнерство со Дупница, Бугарија<br><br>Проект Прекугранична атракција – развој на смарт туризам, во партнерство Ќустендил Бугарија | Во текот на целата година | успешно имплементиран проект / индикаторите и резултатите со содржат во самата проектна апликација | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | Средства од донатор | Број на учесници во процесите разделени по пол и еднакво учество на двата пола<br><br>Број на проекти и и корисници со еднаква корист за двата пола |
| | **3. Поддршка на процесот на развој на туризмот и руралниот развој** | | | | | |

| Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/ индикатори | Носител на активноста | Буџет мкд | Родови индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Креирање на база на податоци за потенцијалот за развој на туризам во општина Крива Паланка** | -Мапирање на сите туристичките објекти и потенцијали за развој на туризмот и Евидентирање на имотната и правната состојба на просторот и објектите, кои се од туристичко значење<br><br>**-**Изработка на регистер на субјекти на територијата на Крива Паланка, кои се занимаваат во угостителска дејност и сместување на туристи<br><br>-Спроведување на постапка за имплементација на мерка - Воведување на туристичка такса | во текот на годината | - идентификувани и мапирани туристички потенцијали на Крива Паланка / изготвен акт<br><br>- изработен Регистер на субјекти<br><br>- спроведена постапка за воведување на туристичка такса / дефинирана и воведена такса | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | /<br><br>/<br><br>/ | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| **Поддршка на процесот на креирање на туристичка понуда** | -Подготовка, дизајн и печатење на промотивен материјал<br><br>-Организација на обука за менаџери во сферата | во текот на годината | - подготвен промотивен материјал<br><br>- организирана обука за менаџери во туризмот | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за | 200.000<br><br>Средства | Број на мажи и жени учесници на обука |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на туризмот<br><br>-поставување на ознаки и патокази до секој туристички објект.<br><br>- Маркетинг промоција за развој на туризмот / виртуелен водич<br><br>- поттикнување на изработка на продукти од локален сувенир /<br><br>- Изградба и Промоција на Природен и историски парк ГРАДЕЦ<br><br>- Промоција на Забавен парк Калин Камен<br><br>-мапирање на велосипедски патеки | | -поставени ознаки и патокази досекој туристички објект<br><br>- континуирана промоција преку Виртуелниот водич<br><br>-изготвена маркетинг стратегија<br><br>- добиени нови продукти од сувенирот<br><br>-создадени услови за креирање на парк Градец<br><br>- креирани услови за креирање на парк Калин Камен<br><br>- број на км на мапирани велосипедски патеки | економски развој, јавни дејности и ИТ | од донатор<br><br>200.000<br><br>60.000<br><br>/<br><br>Средства од донатор<br><br>Средства од донатор<br><br>50.000 | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| **Поддршка и развој на локални традиционални занаети во функција на развој на туризмот и привлекување на туристи** | -Подготовка на постапка и изготвување на елаборат за мапирање, моментална состојба и предлог-мерки за поддршка на локалните занаети по | во текот на годината | -изготвена анализа / акт со податоци и предлог мерки<br><br>- отворена сувенирница во | Општина Крива Паланка | / | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | сите основи;<br><br>-Отварање на туристичко информативен центар (киоск) со промотивен материјал и сувенирница во центарот на градот и на граничниот премин Деве Баир | | градот и на Деве Баир | Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | / | услови за еднаков пристап за сите |
| | **4.Енергетска ефикасност** | | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| **Подготовка на документи и акти за подршка и промоција на енергетската ефикасност** | -Изработка на Стратегија за енергетска ефикасност за периодот 2024-27 , Стратегијата за енергетска ефикасност е одамна истечена и не е во важност. Процесот предвидува анализа на постоечка состојба и подготовка на стратегија<br><br>-Изработка на студија на изводливост и | во текот на годината | -изготвена Стратегија за енергетска ефикасност 2024-27<br><br>-изготвена Студија на изводливост | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | 250.000<br><br>Средства од донатор | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | подготовка на техничка документација за поставување на фотоволтаици на јавни објекти – ОЈУДГ Детелинка – клон Поточиња, ОУД Боро Менков, пумпи за водовод на ЈП Комуналец, зграда на ЈП Комуналец, зграда на ТППЕ, сала Бранители | | | | | |
| **Подготовка и имплементација на проекти од областа на енергетската ефикасност** | - Имплементација на проект „Зелена енергија за локалните институции“<br><br>-Поставување на смарт-метеринг во ормарите за јавно осветлување | Јануари-јуни<br><br>Во тек на годината | -имплементиран проект поставени фотоволтаици на 5 јавни институции<br><br>- поставени 50 смарт броила за мерење | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | 3.000.000,00<br><br>Средства од донатор | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| | **5. Други мерки од интерес на економскиот развој** | | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** | **Родови индикатори** |
| **Поддршка на развој** | - Поттикнување на органското производство / отпочнување на | во тек на | - направена анализа за процесот/ подготвена постапка за | Општина Крива | **/** | Родово одговорно водење на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **на земјоделието** | анализа и постапка за субвенционирање на сертификација на органско производство<br><br>- Објава на јавен повик за Прогласување на земјоделец/ка за 2024 година на Општина Крива Паланка | годината<br><br>ноември-декември | субвенционирање<br><br>- објавен повик / прогласен земјоделец/ка за 2024 | Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | 30.000 | процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| **Регионална соработка и вмрежување / креирање партнерства** | -Соработка со СИПР во процесот на изготвување на стратешки документи, организирање на локални и регионални проектни форуми<br><br>Рестартирање на ЛАГот Осоговски Лисец негово активно вклучување и ставање во функција на развој на локалната и регионалната економија; | во тек на годината<br><br>март-јуни | Изготвени стратешки документи/број на организирани форуми / нови партнерства<br><br>Рестартиран ЛАГ со ново раководство | Општина Крива Паланка СИПР<br><br>Општина Крива Паланка Општина Ранковце Општина Кратово ЗГ ЛАГ | /<br><br>200.000 | Родово одговорно водење на процесот со обезбедени услови за еднаков пристап за сите |
| **Јакнење на општински капацитети** | -Јакнење на капацитетот на вработените во Одделението за локален економски развој | во тек на годината | Подобрени капацитети на вработени во ЛЕР/ број на обуки на кои учествувале | Општина Крива Паланка | **/** | Број на вработени мажи и жени со зајакнат капацитет за имплементација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | на проекти и активности од областа на ЛЕР |
| **Планиран буџет** | | | | | **4.830.000** | |

За реализација на целите на програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци), вклучително граѓанските организации и месните заедници, кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

Носител на реализацијата на програмските активности е Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во општината, кое исклучително ќе води сметка за постигање на програмските цели и родовата врамнотеженост при реализација на активностите и алокација на финансиските средства. Активностите од Програмата ќе ја имплементира Одделението за Јавни дејности , економски развој и информатичка технологија ќе ја имплементира во соработка со другите релевантни одделенија во општината.

**Финансирање**

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од програмата Г1 од Буџетот на Општина Крива Паланка и буџет од други извори (регионални, национални, меѓународни програми, проекти и фондови).

**Преодни и завршни одредби**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка", а ќе се применува од 01.01.2024 година.

**Бр. 09 - 5620/13**
**07.12. 2023 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**